**Mare Tarcugovska**

| | |
|---|---|
| **From:** | contact <contact@avmu.mk> |
| **Sent:** | Friday, August 11, 2023 10:58 AM |
| **To:** | zaposta@avmu.mk |
| **Subject:** | [Fwd: мислења и предлози од ТВ Канал 8 за Нацрт-правилникот] |
| **Attachments:** | мислења и предози ТВ Канал 8 _3.jpg; мислења и предози ТВ Канал 8 _1.jpg; мислења и предози ТВ Канал 8 _2.jpg |

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: | 11-08-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Njësia org. | Број / Numër | Прилог / Shtesë | Вредност / Vlere |
| 01 | 2786/5 | 1 | |

Automatically forwarded by: contact@avmu.mk
------------- original message --------------
Subject: мислења и предлози од ТВ Канал 8 за Нацрт-правилникот
From: Kanal 8 TV <info@kanal8.mk>
Date: Fri, 11 Aug 2023 10:56:54 +0200
To: contact@avmu.mk

Во прилог се нашите мислења и предлози за **Нацрт-правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.**

**Поздрав,**

--

КАНАЛ
Канал 8 телевизија - Kanal 8 television
M +389 (0)78 313 652 T +389 (0)33 550 888

ул. Гоце Делчев 10а - Goce Delcev str. 10a,
Кочани - Kochani, 2300, Macedonia

www.kanal8.mk

--
This message has been scanned for viruses and dangerous content by **MailScanner**, and is believed to be clean.

ТРД ТВ КАНАЛ 8 - ДООЕЛ
ул. „Гоце Делчев“ бр. 10а - Кочани; info@kanal8.mk; ☎ 033 550 888
жиро с-ка: 300050000111341, депонент: Комерцијална Банка АД Скопје
даночен број: МК4013008502888; ЕМБС: 6420583

ТРГОВСКО РАДИО ДИФУЗНО ДРУШТВО
ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8
Бр. 0306 - 8/23
11.08.2023 год.
КОЧАНИ

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
-Скопје

Кочани - 11.08.2023 год.

**предмет**: Учество во јавната расправа за Нацрт-правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување

Почитувани,

ги доставуваме мислењата и предлозите од ТРД ТВ Канал 8 ДООЕЛ - Кочани во врска со Нацрт – правилникот за изменување и дополнување на правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

1. Во врска со глава „VI. КАДРОВСКИ УСЛОВИ“ подглава „Број и структура на вработените“, член22од Правилникот (кој со овие измени и дополнувања станува член 21)сметаме дека бројот на задолжително вработени во редовен работен однос **треба да се прилагоди според модел од веќе постоечки правилници во соседните земји, меѓу кои некои се и членки на ЕУ.** (Босна и Херцеговина, Бугарија и Словенија немаат никаква обврска за број на вработени. Во Србија има обврска за еден редовно вработен - главен и одговорен уредник и има од 1 до максимум 15 ангажирани лица - без обврска за вработување. Во Хрватска има обврска од 1 до максимум 6 редовно вработени - според број на жители и покриеност со сигнал. Во Црна Гора има обврска за 3 вработени за било кој радиодифузер - главен и одговорен уредник, лице одговорно за програма и техничар.)
**Со обврската за редовно вработување во медиумот му се ускратува можноста на работникот да заработува дополнително од други места или пак да биде пријавен на повисока основица во друг правен субјект, а да ја извршува работата во телевизијата.**

**На пример, сниматели, монтажери и други технички лица може да бидат вработени во други медиуми, продукциски куќи и слично и таму да имаат повисока основица на плата, а имаат време да бидат ангажирани ивонашиот медиум. Можат да работат на друго место само ноќна смена, а намедиумот му се потребни да работат дневна смена. Новинарите можат**

ТВ КАНАЛ 8 ДООЕЛ - Кочани
„Димитар Влахов“ бр. 3, Кочани; тел. 033 550 888, факс 033 550 888
жиро с-ка: 530-1501012352-37, депонент: Охридска Банка АД Охрид
даночен број: МК4013008502888; ЕМБС: 6420583

**паралелно да работат на интернет портал и да се подобро платени, па таму да сакаат да бидат пријавени, реализатори на емисии, тонци - сите може да се вработени на други места, а да имаат ангажман во телевизијата, но не сакаат да бидат пријавени во медиумот поради пониската плата.**

**Наше мислење е дека обврска да бидат редовно вработени треба да се однесува на лицата кои имаат директна и непосредна одговорност согласно закон, односно тоа да биде само управителот, (и) или главниот и одговорен уредник, односно само уредникот на информативна програма (вести). Другите лица да можат да бидат вработени во друг правен субјект, а со соодветен договор да бидат ангажирани и во медиумот, што досега се покажа како добра и применлива практика.**

2. Во истата глава од нацрт-правилникот во која стои дека имателот на дозволата за телевизиско емитување е должен во редовен работен однос да има минимален број вработени според бројот на жители на подрачјето, сметаме дека **одредбата е несоодветна за телевизиско емитување на локално ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс, бидејќи НЕ целото подрачје, односно НЕ сите жители се покриени со сигнал (каков што е случајот кај ТВ емитувањето преку дигитален терестријален мултиплекс или преку сателит). Едноставно, има цели села или градски населби каде што кабелските оператори немаат интерес или технички можности да ја прошират својата мрежа, со што гледачите кои влегуваат во пресметката, воопшто немаат достап до нашата програма.**

**Наше мислење, ако се има предвид ваквиот критериум, е дека треба да се земе бројот на претплатници кај секој кабелски оператор (што е лесно достапен и проверлив податок) мултиплициран со просечен број членови во семејство (3 или 4 члена, на пример), со што ќе се добие многу пореална бројка на потенцијални гледачи.**

3. Определувањето дополнителен број на вработени (покрај обврската да биде редовно вработен управителот (и) или одговорниот уредник), особено кај локалните, па и кај регионалните медиуми, ќе биде само финансиски товар за нив, што не гарантира квалитет на програмата, ниту пак ќе овозможи нивен развој. Напротив, ќе значи згаснување на локалните медиуми, а со тоа и престанок на информирањето за локални настани и теми, за кои националните медиуми никогаш не се заинтересирани.
Дали е гаранција дека со тројца вработени, на пример, ќе се добие квалитетна и разновидна програма? На овој начин се ускратува можноста да се засилат и мотивираат независните продуценти да прават квалитетна програма, која

ТВ КАНАЛ 8 ДООЕЛ - Кочани
„Димитар Влахов" бр. 3; Кочани; тел. 033 550 888, факс 033 550 888
жиро с-ка: 530-1501012352-37, депонент: Охридска Банка АД Охрид
даночен број: МК4013008502888; ЕМБС: 6420583

можеби ќе има поголема гледаност од програмата произведена од медиумот, а ќе биде поевтина. Пример, документаристички емисии, музички емисии, талент шоуа итн.

**Наше мислење е дека поедноставно е неколку локални медиуми да здружат сопствени средства и да нарачаат заеднички телевизиски продукт кај независен продуцент, со што ќе ги намалат трошоците за производство, а можат да добијат поквалитетен продукт. Поради тоа не им е потребен дополнителен број вработени, освен управителот, односно главниот уредник.**

**4.** Усвојувањето на нацрт-правилникот како што сега е предложен, во услови кога истовремено се менува законската рамка за медиумската радиодифузна дејност (и сè уште не е познато дали таа ќе обезбеди услови за пораст на приходите и развој на медиумите ), треба да биде временски усогласено.

**Наше мислење е дека треба прво да се почека на донесувањето на Законот за измени и дополнувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Исто така, и по донесувањето на измените и дополнувањата на Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за минимални технички, ~~проетерни~~, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување треба да се остави разумен период (грејс-период) во кој медиумите треба да се подготват и да ги направат усогласувањата (да се објави оглас за вработување, да се направи избор на кандидатите и да се заврши законската постапка.)**

**5. Доколку остане обврска за редовно вработување и на други лица, освен на управителот/главниот уредник, тогаш медиумот да не мора да ги ангажира на полно работно време од 40 часа неделно, туку според потребата што ќе ја има за одредено работно место.**

Се надеваме дека овие наши мислења и предлози ќе бидат земени предвид при донесувањето на измените и доплнувањата на Правилникот и ќе помогнете локалните и регионалните телевизии да опстојат.

Со почит,

ТРД ТВ Канал 8 – Кочани
управител,
Тони Ајтовски

ТРГОВСКО РАДИО ДИФУЗНО ДРУШТВО ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 КОЧАНИ